# 93. Сенка ми засени од Невен планина

(Гостиражни, Прилепско)




од Невен планина, од високи борје,
од високи борје, во Петреи дворје!
Не ми била сенка, тук' биле сватои,
две рала сватои, три рала тапани,
три рала тапани, два зета китени,
два зета китени по Петрева сестра.
Петре им велеше: Сватои, сватои,
пиете, јадете, станете, ојте си,
Петра не ја давам, Петра е малечка!

АИФ м.л. 1270, с. Гостиражни, Прилепско; пее Пројка Момироска; снимила Горица Ристеска (1970); дешифрирала и мелографирала Родна Величковска; се пее на ужина (кога небото е облачно).